Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 55, став 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на ценовни ограничувања (статички лимит) при тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза АД Скопје**

1. Ценовните флуктуации при тргувањето со одредена хартија од вредност која е во режимот на континуирано тргување во еден ден на тргување не можат да бидат поголеми или помали од 10% во однос на официјалната просечна цена за таа хартија од вредност од претходниот ден на тргување.

2. Ценовните флуктуации при тргувањето со одредена хартија од вредност која е во режимот на аукциско тргување во еден ден на тргување не можат да бидат поголеми или помали од 20% во однос на официјалната просечна цена за таа хартија од вредност од претходниот ден на тргување.

3. Ценовните ограничувања утврдени во точка 1 и 2 од оваа Одлука не се применуваат на првиот ден на тргување со определена хартија од вредност или до формирање на официјална просечна цена на определена хартија од вредност.

4. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**